Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ЗА СОСТОЈБИТЕ СО СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НАД ДЕЦАТА

Октомври 2006

## Семејното насилство над децата низ практиката на центрите за социјална заштита

Согласно Конвенцијата за правата на детето, детето треба да биде заштитено од секаков вид насилство и злоупотреба, а државата е должна да ги преземе сите законски, административни и социјални мерки за да обезбеди заштита на детето од насилство и злоупотреба.

Детето може да биде жртва на насилство и во своето семејство насилство кое тешко може да се открие и утврди, а може да предизвика тешки последици по психичкиот и физичкиот развој на детето.

За да се подигне јавната свест дека семејното насилство не може да се допушти и дека треба да биде спречено, односно дека на децата жртви на семејно насилство треба да им се помогне, измените и дополнувањата на Законот за семејството направени во 2004 година забранија секаков вид насилство меѓу членовите на семејството без оглед на полот и возраста (член 99-Пречистен текст на Законот за семејството).

За насилство во бракот и семејството односно семејно насилство се смета однесување на член од семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член од семејството.

Наведеното однесување се смета како насилство доколку е сторено над дете.

Во заштитата на децата од семејно насилство посебна улога има центарот за социјална работа кој секогаш кога има сознание дека се врши семејно насилство над дете е должен да преземе мерки за заштита, а сознанијата за семејното насилство центарот може да ги добие од граѓани, службени и правни лица кои се должни за ваквите сознанија веднаш да го известат центарот.

Центарот може да ги преземе следните мерки за заштита од семејно насилство: да обезбеди нужно сместување на жртвата на семејно насилство кое може да трае најмногу шест месеци со можност за продолжување за уште шест месеци; да обезбеди соодветна здравствена заштита; да обезбеди соодветна психосоцијална интервенција и третман; да упати во соодветно советувалиште; на детето да му помогне да го продолжи редовното образование; да го извести органот за прогон; да даде секаков вид правна помош и застапување; да покрене постапка пред надлежен суд; по потреба да поднесе барање до судот за изрекување привремена мерка за заштита и да преземе други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот. Наведените законски одредби се однесуваат на сите жртви на семејно насилство, односно не се предвидени посебни мерки за заштита на децата жртви на семејно насилство.

Во однос на посебната заштита на децата Центарот поднесува барање до судот за изрекување привремена мерка секогаш кога тоа нема да го направат родителите без притоа да бара согласност, како што мора да побара согласност кога станува збор за полнолетни и деловно способни лица жртви на семејно насилство.

Судот пак, по барање на центарот може да ги изрече следните привремени мерки за заштита на жртва на семејно насилство: да му забрани на старателот да се заканува; да му забрани да малтретира, да вознемирува, телефонира,

контактира или на друг начин да комуницира со член на семејството, директно или индиректно; да му забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството; да одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста до донесување конечна одлука на судот; да му забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено; да го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството; да му изрече задолжително издржување на семејството; да му нареди да посетува соодветно советувалиште; да му нареди задолжително лекување ако е корисник на алкохол или други супстанци или има некое заболување; да го задолжи да ги надомести трошоците за лекување од насилството; или да изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови од семејството. Овие законски одредби се однесуваат на сите жртви на семејно насилство и не се предвидени посебни мерки кои би се примениле само кога жртви се деца.

Привремените мерки што ги изрекува судот можат да траат најмногу една година, при што е предвидено доколку семејното насилство продолжи и по истекот на преземената мерка центарот за социјална заштита може да поднесе предлог за продолжување на некоја од мерките.

Извршувањето на мерките за заштита од семејното насилство,а тоа значи и мерките што судот ги изрекува, го следи центарот за социјална работа и за текот на спроведувањето го известува судот на негово барање. (член 101-109)

Според одредбите на Законот за семејството, постапката пред судот за изрекување привремени мерка е итна, судот треба веднаш да постапи по барањето на центарот и во рок од седум дена од денот на приемот на барањето да донесе одлука, а по исклучок одлуката треба да биде донесена во рок од три дена доколку постои основано сомневање дека постои сериозна опасност по животот и здравјето на член од семејството.

Наведените законски одредби не се натаму разработени ниту пак е предвидена обврска за донесување подзаконски акт со кој би се конкретизирало спроведувањето и извршувањето на предвидените мерки како на центарот така и на судот.

Со цел да се утврди практичната примена на наведените законски одредби, подготвеноста и стручноста на центрите и судовите за спречување на семејното насилство и обезбедување соодветна заштита на децата жртви на семејно насилство, Народниот правобранител спроведе истражување со доставување прашалник до центрите за социјална работа во Република Македонија.

Со намера да се утврди дали семејното насилство над децата посебно се третира и евидентира за да се оцени дали оваа појава има широки размери, дали се пријавува и какви мерки се преземаат за заштита на децата од овој вид насилство, колку се тие ефикасни и дали центрите навистина се во можност да обезбедат соодветна заштита на децата од семејно насилство во прашалникот упатен до секој центар беа поставени следните прашања:

- Дали центарот посебно ги евидентира случаите на семејно насилство?
- Дали се води посебна евиденција за семејно насилство над дете?
- Ако се води посебна евиденција за семејно наслиство на дете колку случаи се евидентирани во 2005 и 2006 година?
- Кои и какви мерки центарот најчесто презема за заштита на децата жртви на семејно насилство?
- Какви се ефектите од преземените мерки?
- Со кои од мерките преземени од страна на центарот се постигнати најдобри резултати?
- Кои привремени мерки за заштита на дете жртва на семејно насилство центарот ги побарал од судот?

- Кои привремени мерки ги изрекол судот и какви се ефектите од изречените судски мерки?
- Дали законски предвидените мерки за заштита на децата жртви на семејно насилство обезбедуваат соодветна и реална заштита на децата?
- Дали е потребно итно отварање советувалиште за лицата што вршат семејно насилство?
- Дали центарот има други предлози и сугестии во врска со посоодветна заштита на децата жртви на семејно насилство?

*Прашалникот го пополнија и го доставија до Народниот правобранител 28 центри за социјална работа од кои 24 водат некаква евиденција за семејно насилство, а во четири центри Тетово, Берово, Неготино и Ресен ниту е пријавено семејно насилство ниту се води некаква евиденција*

***ТАБЕЛА 1***

| Евиденција на семејно насилство во центрите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на центри | Центри што водат евиденција за семејно насилство | Центри што водат посебна евиденција на семејно насилство над дете | | | Центри што немаат евиденција |
| | | | Пријавени случаи на семејно насилство над дете | | |
| | | | 2005 | 32 | |
| 28 | 20 | 4 | 2006 | 15 | 4 |

*Од испитаните центри само во четири се води посебна евиденција за семејно насилство над дете, односно во Скопје - доколку е пријавено само семејно насилство над дете, Пробиштип, Дебар и Радовиш. (**Табела 1).***

*Во однос на прашањето колку случаи на семејно насилство над деца се пријавени, одговор доставија само четири центри. Според нивните одговори во 2005 година се поднесени 32 пријави и 15 пријави во 2006 година. Во повеќето центри било пријавено семејно насилство над други членови на семејството, најчесто над мајката каде што имало и деца. Пријавени вакви случаи се скоро 300 во сите центри од кои 250 само во Скопје. Во 24 од испитаните центри или нема се пријавени случаи или не се води посебна евиденција за семејно насилство над дете.*

Од добиените податоци може да се констатира дека во центрите за социјална работа не се води посебна евиденција за насилството над децата ниту пак децата посебно се третирааат како жртви, не се води посебна постапка ниту се преземаат специфични мерки за заштита на децата жртви на семејно насилство. Поради тоа не може да се каже колку и во каков вид е застапено семејното насилство над децата. Исто така, може да се констатира дека во центрите се уште не се пријавуваат сите случаи на семејно насилство над дете, поради што не може со сигурност да се потврди колку е застапено семејното насилство над децата.

Иако со Законот се предвидени повеќе мерки за заштита на жртвите на семејно насилство кои се преземаат и кога жртви се деца сепак од добиените податоци може да се констатира дека се уште не се преземаат сите предвидени мерки, односно центрите се уште не ги преземаат сите можни мерки за заштита на децата жртви. Од предвидените законски мерки центрите најчесто преземале советодавни мерки за родителите и за другите членови на семејството, во неколку случаи жртвите се сместувани во прифатилиште, а неколку од преземените мерки биле заканување и предупредување на лицето што вршело насилство. Мал е бројот на изречени мерки за сместување на дете во друго семејство, помагање во образованието и обезбедување здравствена заштита. Само во еден случај е покрената кривична постапка, а во два случаи е покрената постапка за одземање на родителското право. Од податоците по ова прашање може да се констатира дека не се водат посебни постапки кога жртви на семејно насилство се деца и дека ретко се преземаат специфични и посебни мерки за заштита на детето жртва на семејно насилство (*Табела 2).*

***ТАБЕЛА 2***

| **Видови преземени мерки од центрите** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Советодавна работа | Сместување во прифатилиште | Сместување во друго семејство | Заканување и предупредување на родителите | Одземање на родителското право | Обезбедување услови за продолжување на образованието | Обезбедување здравствена Затшита | Засилен надзор над родителско право | Сместување во установа | Упатување на лекување (алкохолизам) | Забрана сторителот на семејното насилство да малтретира и вознемирува | Барање за поведување кривчна постапка | Упатување на психијатриско лекување |
| 9 | 4 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |

Во поглед на ефектите од преземените мерки центрите одговориле дека во седум случаи се намалило насилството, но не престанало, во пет случаи насилството престанало, а во десет случаи преземените мерки се уште не дале никакви ефекти. Според согледувањата на центрите најдобри резулати давале советодавните мерки, мерките на закани и предупредувања и сместувањето на детето во друго семејство. (*Табела 3 и 4* ).

***ТАБЕЛА 3***

| Ефекти и резултати од преземените мерки според сознанијата на центрите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Насилството се намали | Насиството престана | Обезбедена е помош за продолжување на образованието | Нека никакви ефекти | Наслиството се зголеми | Не е даден одговор | **ВКУПНО** |
| 7 | 5 | 5 | 2 | - | 9 | 28 |

***Коментар:***

**- Според изјавите на поголем број центри се *уште нема ефекти од преземањето мерки, односно се уште не е намалено семејното насилство и не се обезбедува соодветна заштита на жртвите;***

***- дел од центрите изјавија дека ефекти имало само поради тоа што детето-жртва на семејно насилство е сместено во установа;***

***- дел од центрите сметаат дека со преземањето мерки за заштита и помош на децата жртви се подобрува нивниот психички развој и однесувањето на родителите,***

***- повеќето од центрите сметаат дека не се пријавува семејно насилство.***

***ТАБЕЛА 4***

| Видови мерки кои според центрите дале најдобри резултатаи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Советодавни мерки | Закани и предупредување на родителите | Сместување во друго семејство | Сместување во прифатилиште | Одземање на родителското право | Засилен надзор над родителското право | Помош за продолжување на образованието | Не е одговорено на прашањето |
| Бр. на центри | 7 | 6 | 4 | 2 | 2 | 1 | 1 | 4 |

За да се утврди дали за заштита на жртвите на семејно насилство се бара изрекување привремени мерки од страна на судовите, побарана е информација од центрите колку постапки се покренати за изрекување вакви мерки. Од добиените податоци може да се констатира дека центрите многу ретко бараат изрекување привремени мерки и дека судовите бавно реагираат и постапуваат, а во одговорот на еден центар се наведува дека судот барал и да се повлече предлогот, наводно поради немање законски услови за изрекување привремена мерка. (*Табела 5)*

***ТАБЕЛА 5***

| Видови мерки што центрите ги побарале од судот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Забрана на лицето што врши насилство да се заканува | Задолжително лекување | Забрана на сторителот на семејното насилство да се приближува | Забрана да малтертира и да вознемирува | Не се побарни мерки од судот |
| Бр. на центри | 4 | 4 | 3 | 2 | 17 |
| ***Коментари*** | | | | | |
| ***-Поголем дел од центрите изјавија дека во тек е поднесување барање за изрекување времени мерки, односно дека досега не се побарани и изречение вакви мерки; - дел од центрите наведоа дека биле побарни само мерки за возрасни не и за деца; -некои од центрите истакнаа дека побарале изрекување времени мерки, но судот го одбил предлогот или сугерирал да се повлече; - дел од центрите истакнаа дека досега не побарале изрекување времени мерки поради немање докази.*** | | | | | |

*Од испитаните 28 центри 17 не побарале од судовите изрекување привремени мерки, а центрите што поднеле барања најчесто побарале мерка ,,забрана сторителот да се заканува дека ќе стори семејно насилство,, и мерка ,,задолжително лекување,,. Потоа следуваат мерката ,,забрана на сторителот да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место,, и мерката ,,забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството директно или индиректно,,. Други мерки од законски предвидените не се побарани од страна на центрите (Табела 6)*

***ТАБЕЛА 6***

| Изречени мерки од судовите според податоците од центрите | | | |
|---|---|---|---|
| Досега не се изречени привремени мерки | Постапката за изрекување привремени мерки е во тек | Изречени се мерки за задолжително лекување | Изречени се мерки за забрана на доближување |
| 22 | 1 | 1 | 1 |
| ***Коментари:*** | | | |
| ***- Најчесто не се изрекуваат мерки само за заштита на детето, туку се изрекуваат мерки за заштита на мајката и дете;*** | | | |

Од побараните привремени мерки изречена е една мерка за задолжително лекување на алкохоличар и една мерка за забрана сторителот да се приближува. Од податоците добиени од центрите произлегува дека

привремените мерки најчесто се бараат  општо кога постои семејно насилство, а нема побарано изрекување привремени мерки само заради заштита на дете. Исто така произлегува дека судовите ретко изрекуваат привремени мерки за заштита од семејно насилство, што секако нема да придонесе за намалување на овој вид насилство.

Од добиените податоци може да се констатира и дека центрите во најголем број немаат сознанија какви се ефектите од изречените  привремени мерки, што значи дека и центрите за социјална работа се уште не пристапуваат сериозно кон овој вид насилство и немаат позначајни сознанија иако според законот  центарот  треба да го следи спроведувањето на изречените судски мерки ( *Табела 7).*

***ТАБЕЛА 7***

| Број на центри | **ЕФЕКТИ ОД ИЗРЕЧЕНИ СУДСКИ МЕРКИ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Дале очекувани резултати | Не помогнале | Насилството се намалило, но во одредена форма се уште постои | Нема никакви сознанија |
| 24 | 2 | 1 | 1 | 20 |
| ***Коментар:*** | | | | |
| - ***Повеќето центри истакнаа дека нема ефикасна заштита на жртвите на семејно насилство затоа што судските постапки  се долготрајни иако треба да се итни.*** <br> ***- според изјавите на поголем број центри по изрекувањето на одредени мерки насилството се намалува, но не престанува, туку  се уште постои.*** | | | | |

Со цел да добиеме сознанија дали законските одредби даваат можност со нивна  доследна примена да  се обезбеди реална и соодветна заштита на децата од семејно насилство побаравме мислење од центрите и нивни предлози за подобрување на законските решенија.

Од добиените одговори произлегува дека поголемиот број центри сметаат дека предвидените законски решенија обезбедуваат заштита на децата жртви на семејно насилство, но дека таа заштита не е доволна и соодветна. Поголемиот број од центрите сметаат дека е потребно  и конкретизирање на начинот и постапката за извршување на предвидените законски мерки. Само шест од испитаните 28 центри сметаат дека законските решенија се добри и обезбедуваат соодветна и реална заштита.

Според мислењата и предлозите на центрите во моментот во Република Македонија проблем во заштитата на децата од семејното насилство претставува непостоењето на посебни институции во кои би се сместиле децата доколку има потреба од нивно времено одвојување од семејството, односно во центрите за жртви на семејно насилство нема посебни простории за сместување и работа само со деца жртви на насилство. Поради тоа сместувањето на децата во тие прифатилишта заедно со возрасни жртви не е најпогодно и најефикасно. Проблем кој придонесува децата жртви на семејно насилство да не бидат соодветно заштитени е и немањето посебни законски мерки кои би се преземале само во случај на насилство над дете. Поради тоа неопходно е предвидување законски мерки што би се преземале за заштита на децата жртви од семејно наслиство или како превентивни мерки за децата  да не станат жртви на семејно насилство.

Центрите во коментарите наведуваат и дека при сместувањето на жртвите на семејно насилство во прифатилишта не е решено прашањето за материјална поддршка на жртвата при нејзиното излегување од прифатилиштето кога нема услови  да се врати во домот .

Во однос на децата кои се на редовно школување беше истакнато дека сместувањето во прифатилиште претставува проблем, затоа што детето мора да го промени училиштето или мора да патува до училиштето каде што учело пред сместувањето во прифатилиште, а најчесто прифатилштето е далеку од местото на живеење. Поради тоа беше предложено и во овој поглед да се изнајдат соодветни решенија (*Табела 8).*

***ТАБЕЛА 8***

| **ДАЛИ ПРЕДВИДЕНИТЕ ЗАКОНСКИ МЕРКИ ОБЕЗБЕДУВААТ РЕАЛНА И СООДВЕТНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на центри | Потребно е конкретизирање на извршувањето на законските мерки | Законските мерки обезбедуваат заштита но недоволна и несоодветна | законски предвидените мерки обезбедуваат реална и соодветна заштита | законските мерки не обезбедуваат реална и соодветна заштита | не е даден одговор |
| 28 | 9 | 7 | 6 | - | 6 |
| ***Коментари:*** | | | | | |
| ***- Дел од центрите сметаат дека законските мерки не даваат резулати поради тоа што не постои соодветна институција во која би се сместиле децата доколку има потреба да се одвојат времено од двајцата родители, која би им помогнала во натамошниот психофизички развој и во надминување на траумите;. - Дел од центрите ценат дека мерките немаат ефекти и поради тоа што нема посебен простор во центрите за семејно наслиство каде би се сместувале само деца, па сметаат дека е потребно формирање посебно прифатилиште за деца жртви на семејно насилство; - Центрите сметаат дека во законот не се конкретизирани посебни мерки што би се презеле само за заштита на децата, и затоа ценат дека е потребно предвидување на посебни мерки за заштита на деца жртви на сем. насил. - Како проблем кој се појавува при заштитата на жртвите на семејно насилство, според центрите,е и неразрешеното прашање за материјална помош на децата или на друга жртва на семејно нас. ако нема услови да се врати во домот по протекот на периодот во кој е сместена во прифатилиште. - како проблем при сместувањето на децата- жртви во прифатилиште е редовното посетување на образованието поради тоа што прифатилиштето е во друго место од местото каде што се школувало детето. - За да се намали или да престане семејното насилството над децета повеќето центри сметаат дека треба почесто да се врши надзор над родилското право кое треба да се одзема во случај на злоупотреба на детето.*** | | | | | |

Заради надминување на проблемите во семејството и за заштита на децата жртви на семејно насилство центрите сметаат дека треба да се засили и да се врши почесто надзорот над родителското право во овие семејства, а во крајни случаи кога преземените мерки не помагаат да се покренуваат постапки за одземање на родителското право. За жал таквите постапки во моментот ретко се покренуваат иако има услови за тоа.

***ТАБЕЛА 9***

| **ПОТРЕБА ОД ОТВАРАЊЕ СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ЛИЦАТА ШТО ВРШАТ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на центри | Потребно е итно отварање на советувалиште | Нема потреба од вакво советувалиште | центарот со негова дообука може успешно да ја има улогата на советувалиште за лицата што вршат семејно | Нема услови за отврање на советувалишта | Нема одговор на прашањето |
| 28 | 11 | | 3 | 3 | 11 |
| ***Коментари:*** | | | | | |
| ***- Центрите ценат дека е потребно итно отварање советувалишта во кои ќе се сместуваат лицата што вршат семејно насилство, за да не се одвојуваат децата од семејството. Центрите сметаат дека многу побрзо би закрепнале жртвите, особено децата, доколку не бидат одвоени од семејството, туку ако се одвои лицето што врши насилство.*** | | | | | |

Во Законот за семејството една од мерките со кои треба да се заштитат децата жртви на семејното насилство е сместувањето на лицето што врши насилство во посебно советувалиште. Оваа мерка беше внесена во Законот по наш предлог, со цел децата да не се одвојуваат од семејството затоа што со тоа им се предизвикуваат дополнителни трауми. За таа цел беше предложено насилникот да се издвои од семејството и да се задолжи да посетува соодветно советувалиште заради подобрување на неговото однесување, односно за да не изврши повторно насилство над кој било член во семејството, особено кога жртвата треба повторно да се врати во семејството, поточно да остане во семејството каде ќе се врати лицето што врши насилство.

Со оглед на тоа што во моментот се уште не се отворени вакви советувалишта и најчесто од семејството се одвојуваат жртвите наместо лицата што вршат насилство, од центрите побаравме мислење дали има итна потреба за отварање вакви советувалишта или дали стручните тимови што работат во центрите се доволно обучени за да ги заменат ваквите советувалишта.

Поголемиот број од центрите што доставија одговор на ова прашање сметаат дека е неопходно итно отварање вакви советувалишта (11 центри), но голем е и бројот на центрите кои воопшто не дадоа никакво мислење за ова прашање (11 центри). Ниту еден од центрите не одговори дека нема потреба за отварање вакви советувалишта, а само три центри одговорија дека нивните стручни тимови би можеле успешно да ја водат улогата на вакви советувалишта, по нивната дополнителна обука и едукација. Мал број од центрите (3) одговорија дека се уште не се создадени услови за отварање вакви советувалишта (*Табела 9*).

Заради добивање други мислења и предлози за надминување на проблемите со семејното насилство од центрите побаравме да ги изнесат нивните размислувања и сугестии за подобрување на законската регулатива и на практиката .

Поголем број од центрите истакнаа дека е потребна обука и едукација на сите лица, не само на вработените во центрите, туку и на родителите, наставниците, воспитувачите, лекарите, судиите, полицијата и сите останатите лица кои се судруваат или се занимаваат со овој проблем, за да можат полесно да го разпознаат семејното насилство и да преземаат правилни, брзи и ефикасни мерки за заштита на жртвите, особено на децата жртви на семејно насилство. Центрите сметаат дека семејното насилство недоволно се пријавува не само од членовите на семејството, туку и од страна на други лица кои имаат сознанија дека во некое семејство се врши насилство над деца или над други членови од семејството. Поради тоа сметаат дека е потребно подигање на јавната свест за постоењето на семејното насилство и за можностите за обезбедување на соодветна заштита од овој вид насилство.

Воедно, центрите сметаат дека државата треба да го зголеми вниманието кон овој вид насилство, да предвиди построги казни или друг вид санкции за извршителите на овој вид насилство, како и да се подобри техничката опременост на центрите заради нивна поголема мобилност и ефикасност .

Заради побрза и ефикасна заштита на жртвите на семејно насилство центрите упатуваат критика на судовите кои не постапуваат брзо и итно по барањата за изрекување на привремените мерки, истанкувајќи дека судиите не се доволно едуцирани и најчесто не изрекуваат привремени мерки, односно најчесто ги одбиваат предлозите на центрите.

Во поглед на подобрување на состојбата со надминување и намалување на семејното насилство може да се потенцира дека голем број од центрите немаат никакви согледувања и предлози, бидејќи од 28 анкетирани 12 центри не дадоа никакви мислења и предлози *(Табела 10.*

Во врска со семејното насилство беа побарани податоци од Министерството за внатрешни работи за поднесените пријави и покренатите кривични постапки во текот на 2005 и првата половина на 2006 година.

Според добиените податоци во 2005 година во Република Македонија се евидентирани 299 кривични пријави за семејно насилство, од кои во 63 кривични дела како жртви се појавуваат деца (70 деца, 71 сторител).

Според податоците на Министерството за внатрешни работи најчести сторители на семејното насилство се родителите. Како најчесто кривично дело кое се третира како дел од семејното насилство беше посебно кривичното дело одземање на малолетник (23), 21 кривично дело се однесува на запуштање и малтретирање на малолетник, а другите се однесуваат на полесни повреди, полов напад над дете, напуштање на немоќно лице, загрозување на сигурноста, повреда на семејните обврски, силување, родосквернавење и др.

Во текот само на три месеци од 2006 година се регистрирани 76 кривични дела за семејно насилство, од кои во 20 случаи жртви се деца (28 деца, 24 сторители). Најголемиот дел од овие кривични дела се однесуваат на запуштање и малтретирање на малолетно лице, а потоа на одземање малолетно лице.

***ТАБЕЛА 10***

| Други предлози и мерки до центрите | | |
|---|---|---|
| | Бр. на центри | **Дадени предлози** |
| дале предлози | 16 | -Заради брзо и ефикасно делување на сите субјекти што работат со деца и во врска со децата потребна е нивна едукација и обука заради препознавање на семејното насилство, односно едукација и обука на вработените во судовите, центрите за социјална работа, полицијата, образованието, здравството, невладиниот сектор и други.др |
| | | - Информирање на пошироката јавност со законските решенија и можности за заштита од семејното насилство и подигање на јавната свест за постоењето и забраната на семејното насилство; |
| | | - Информирање и едукација на децата (почнувајќи од предучилишна возраст) за да можат го препознаат семејното насилство и да се оспособат со знаење и вештини за да се заштитат и да го пријават семејното насилството. |
| | | - Зголемување на капацитетите и моќта на центрите за социјална работа; |
| | | - Зајакнување на улогата на социјалните работници; |
| | | - Подобрување на материјалната и техничката опременост на центрите за социјална работа; |
| | | - Државата да покаже поголем интерес за заштита на децата; |
| | | - Семејното насилство построго да се казнува; |
| | | - Воспоставување подобра координација меѓу инстиуциите за надминување на проблемите со семејното насилство; |
| | | - Зголемување на ажурноста на судовите и почесто прифаќање на предлозите на центрите; |
| | | - Подигање на свеста на граѓаните за да да го пријавуваат семејното насилство.; |
| | | - Едукација и обука на родителите и поведување медиумска кампања за нивно охрабрување да пријавуваат семејно насилство, односно разбирање дека не смее да се врши семејно насилство; |
| | | - Создавање законски и практични можности центрите без проблеми да влезат во секое семејство; |
| | | - Отворање повеќе прифатилишта за жртвите на семејно насилство пристапни за сите граѓани; |
| | | - Отворање посебни прифатилишта за децата жртви на семејно насилство со стручен тим за работа; |
| | | - Итно отворање советувалишта за лицата кои вршат семејно насилство. |
| не дале никакви предлози | 12 | |

# П Р Е Д Л О З И

Со оглед на тоа што од добиените податоци неспорно произлегува дека семејното насилство над децата ниту со закон ниту во постапувањето на центрите за социјална работа се третира како посебен вид насилство за кое треба да се преземаат и специфични мерки затоа што на децата треба да им се обезбеди посебна заштита, за да се подобри состојбата и да се обезбеди реална и добра заштита на децата жртви на семејно насилство предлагаме:

1. Измена на Законот за семејството со издвојување и посебно дефинирање на семејното насилство над дете;
2. Предвидување, односно конкретизирање и посебно дефинирање мерки што ги преземаат центрите и судовите во заштита на децата жртви на семејно насилство;
3. Предвидување обврска за центарот и за судот да имаат посебен стручен тим кој ќе постапува кога жртва на семејно насилство е дете;
4. Водење посебна евиденција од страна на Центарот за социјална работа за децата жртви на семејно насилство и изготвување посебна програма за заштита на децата жртви на ваков вид насилство;
5. Во Законот за семејството, да се предвиди во случај кога жртва на континуирано семејно насилство е дете, детето да не се одвојува од семејството, туку да се одвои лицето што го врши насилството, особено ако условите за опстанок со другите членови во семејството се добри и ќе придонесат за полесно надминување на траумите кај детето;
6. Итно отворање законски предвидени советувалишта заради создавање практични услови за одвојување на лицето што врши насилство и заради обезбедување услови за негов третман за подобрување на неговото однесување;
7. Постоење стручен тим кој ќе обезбеди соодветен психосоцијален третман заради надминување на траумите кај детето при сместување на дете со еден од родителите во прифатилиште за жртви на семејно насилство;
8. Предвидување посебни законски превентивни мерки за заштита на дете од семејно насилство при постоење индиции и предизпозиции дека детето може да стане жртва на семејно насилство, односно отстранување на причините наместо лекување на последиците;
9. Предвидување законски решенија за материјална и други вид поддршка на детето или на семејството по напуштањето на прифатилиштето доколку нема можност и услови за враќање во семејството каде живее и лицето кое го вршело насилството;
10. Прецизирање на начинот и постапката за спроведување на изречените мерки за заштита од семејно насилство, особено за спроведување на привремените мерки изречени од судот;
11. Постого казнување на сторителите на семејно насилство, односно посериозен пристап кон овој вид кривично дело и водење брзи и ефикасни судски постапки заради благовремено обезбедување заштита на детето од натамошно насилство;
12. Предвидување задолжителна едукација на службените лица во центрите за социјална работа кои работат со оваа категорија на деца и на судиите кои постапуваат во ваквите случаи и преземање на сите можни мерки за подигање на свеста кај секој граѓанин, институција и на општеството воопшто за пријавување на семејното насилство кое треба да се осудува, а не да остане табу тема која се чува само во кругот на семејството.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Иџет Мемети**